**Макстил се претстави пред светската бизнис елита како општествено одговорна компанија**

# БАЛАНС ПОМЕЃУ ПРОФИТОТ И ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ



**Пред повеќе од 150 топ- менаџери на големи светски компании, неодамна во Њујорк, на Форумот за етичко финансирање, претставници на скопски Макстил презентираа како компанијата ги спроведува принципите на корпоративна одговорност кон сите засегнати страни од нејзиното работење.**

**Игор Петровски**
igor@kapital.com.mk

Дали компанија од транзициона економија во развој, како што е Македонија, може да биде пример и на далеку поголеми компании, од далеку поразвиени земји, за тоа како се применуваат принципите на корпоративна општествена одговорност?
Неодамна на форум во Њујорк, пред претставници од голем број на глобални мултинационални компании, скопски Макстил ја презентираше токму таа своја определба, да биде компанија што функционира во синергија со сите засегнати страни од нејзиното делување, грижејќи се за тоа какви ефекти ќе има нејзиното работење врз локалната заедница и животната средина. Форумот на Северна Америка за етичко финансирање беше органзиран од големата глобалната компанија Интертек, а претставниците од проектниот тим на Макстил, учествуваа како главни говорници на пленарната сесија одржана на 14 март. Интертек е глобален лидер во тестирање, инспекции и sертификација на производи и системи. Тие обезбедуваат можности за своите клиенти преку аплицирање на нивната широка техничка експертиза. Нивниот опсег на услуги опфаќа поддршка на клиентите (производителите, трговците, владите) zа подобрување на репутацијата на клиентите и управување со комплексноста на глобалниот пазар. Нивните советодавни услуги се занимаваат со социјалните прашања и зголемената комплексна регулативност.
На форумот учествуваа околу 150-ина директори, преставници на околу 100-тина компании, меѓу кои Apple, Ford Motor, IBM, HP, Levis Straus, Nike, Novartis, Philips, Polo Ralph Lauren, Starbucks, The Coca- Cola Company, The Walt Disney Company и др.

## Металургијата не мора секогаш да е валкана

Во својата презентација, тимот на Макстил го објасни социјалниот дијалог што го развива со засегнатите страни, односно со локалните власти, академските институции, еколошките организации и неформалните граѓански иницијативи.
"Посебен акцент беше ставен на проектот за почиста Македонија, односно собирањето на старо железо, кој што трае веќе четири години. Во 2007година, резултираше со набавката на машината шредер, за износ од три милиони евра. Овие континуирани активности на Макстил за баланс меѓу профитот и одржливиот развој, притоа водејќи грижа за вработените, локалната заедница и пред се заштита на животната средина, неприкосновено го прави пионер во примената на корпоративната општествена одговорност, не само во металната индустрија туку и воопшто во Македонија", вели Ратко Лазаревски, раководител на проектот "Матрица за корпоративна општествена одговорност на Макстил" и еден од говорниците на форумот во Њујорк. Потврда за тоа е доделената награда за Општествена одговорност од страна на Координативното тело за општествена одговорност на претпријатијата при економско–социјалниот форум на Владата на Република Македонија, чија работа финансиски е поддржана од Invent (германската Влада), USAID и UNDP.
Учеството на преставниците на Макстил на овој форум е резултат на континуираното присуство и презентирање на позитивните искуства во градење на односи со засегнатите страни согласно Предлог-матрица за спроведување на Компаниското општествено одговорно работење во Макстил АД- Скопје од 2006 година. По презентацијата на Макстил, аудиториумот на форумот отвори повеќе прашања. "Освен оние директно врзани за компанијата, беа поставени и следниве прашања: Значајноста на индивидуална акција или мобилизирање на сите засегнати страни е повеќе одржливо? Дали воведувањето на ИСО и другите стандарди за квалитет ги поттикнуваат компаниите да ги стандардизираат нивните акции и да ја земат во предвид улогата која ја имаат во одржливиот развој на Македонија? Дали слабите демократии и нецелосното владеење на правото во транзиционите економии ја поттикнуваат корпоративно општествената одговорност?", вели м-р Александар Стамболиев, соработник на Макстил во процесот на спроведување на Стратегијата за корпоративна општествена одговорност, и презентер на форумот.
Учеството на овој форум овозможи тимот на Макстил да се запознае со искуствата на компаниите во областа на Корпоративната општествена одговорност во северна Америка, но и да формира мислење на глобално ниво за практиките на компанијата во Македонија, како и обид да се добие поддршка на иницијативите на Макстил на ова поле, преку реализирање на динамика на одредени активности насочена кон релевантните

институции во земјата.

## КАКО МАКСТИЛ СТАНА ОПШТЕСТВЕНО ОДГОВОРНА КОМПАНИЈА

Во 2000 година почна проектот Челик со македонско сонце со цел да се зголеми свесноста за основните вредности и принципи во рамките за почиста околина - корисност за сите, а во 2001година доаѓа Европска челична ѕвезда, промовиран на Втората работна сесија за економска реконструкција, развој и соработка при Пактот за стабилност.
Овие два проекти предизвикаа започнување на дијалогот не само на национално, туку и на регионално ниво, бидејќи почнаа да даваат позитивен пример со што би можела да се направи интеррелацијата помеѓу деловниот сектор, академската средина и граѓанскиот сектор.
Во 2003 година, овој пристап на Макстил продолжи. Со цел да се хармониизраат ставовите, особено со академската средина на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" - Скопје, при што најтесна комуникација се одвиваше со Технолошко-металуршкиот факултет, потоа со локалната заедница, односно општина Гази Баба, каде што Макстил има најголемо влијание врз животната средина, како и врз нејзиниот развој. Менаџментот на Макстил почна да размислува за овој отворен динамичен процес како инвестиција, а не како трошок. Вработените беа активно вклучени во процесот преку синдикалното движење, се запознаваа со дотогашните активности и имаа можност да даваат идеи за подобрување на процесите. Веќе во 2004 година, во рамките на проектот за прекугранична соработка на тромеѓето: Скопје, Софија и Ниш, Макстил во соработка со East West Institute основа работна група за подобрување на економската соработка помеѓу челичната индустрија од регионот. Со поддршка на организацијата за заштита на животна средина Еколинк од САД беше добиен грант за апликативна технологија за заштита на работна и животна средина, а дополнително се зајакнувани капацитетите преку организираната студиска посета за засегнатите страни во САД и претставување на позитивните примери за социјален дијалог.
Согласно претставените примери во САД, Макстил пристапи кон проектот за собирање на старо ѕелезо. Освен тоа што на овој начин се добива суровина за работењето на Макстил, се чисти и Македонија од железниот отпад фрлен насекаде. Треба да се спомене и дека проектот за собирање на старо железо, обезбедува егзистенција и за десетина илјади луѓе инволвирани во процесот на собирање, односно за кооперантите на Макстил.
Периодот (2004-2005) година со помош на проектот СЕЕД и ИФЦ, Макстил почна да ги јакне капацитетите на корпоративно управување, затоа што Макстил соработуваше со повеќе засегнати страни во рамки на своето деловно работење, и мораше да се изгради систем за непречена комуникација и споделување информации.
Во 2006 година проектниот тим на Макстил имаа обука од ОЕЦД за препораките кон мултинационалните компании за применување на корпоративната општествена одговорност, каде што беше презентирано веќе сработеното на ова поле и желбата да се продолжи понатаму. При крај на годината беше презентиран и првиот нацрт на Стратегијата на Макстил за корпоративната општествена одговорност во Брисел, во Европската комисија, каде што се основаше нова мрежа за корпоративна правда, која што се обидуваше да го интегрира принципот на општествена одговорност. На почетокот на 2007 година, направената Стратегија за корпоративната општествена одговорност беше одобрена од страна на Одборот на директори на Макстил.
Согласно стратешките определби на Макстил за вложувања во процесот на намалување на влијанието врз животната средина, беше отворена нова технолошка линија за одвојување и дробење на старо железо, т.н. шредер, набавена за три милиони евра со кредитна линија. Меѓутоа со металниот отпад доаѓаат и многу неметални делови, кои што ослободуваат разни штетни материи при процесот на топење. Макстил реши да започне инвестициски проект, вреден околу 20 милиони евра, со кој што ќе обезбеди технологија која ќе ги елиминира овие штетни нуспојави и ќе обезбеди да се намали несаканото влијание врз животната средина.
Благодарение на овој проект, Макстил ја доби наградата од Координативното тело за општествена одговорност, во категоријата на големи компании, за 2007 година.
Целта на Макстил е колку што може повеќе да ги сподели досегашните искуства во корпоративна општествена одговорност со своите партнери од металниот кластер, меѓутоа и со останатиот бизнис сектор.
Компанијата гради однос со вработените, преку кој го стимулира претприемачкиот дух кај вработените, за да тие бидат што повеќе мотивирани и секојдневно да излегуваат со практични предлози за подобрување на работењето. Макстил посебно ги мотивира и наградува предлозите за подобрување на перформансите во своето работење, меѓутоа и решенијата за зачувување на животната средина.